# Годинашните случувања – лоша слика за струмичка-та ликовна колонија

Во Македонија има повеќе од 20 ликовни колонии и, за чудо, речиси сите се меѓународни. Бројот е импозантен. Ако се знае дека на секоја од нив учествуваат од 10 до 15 уметници и дека секој создава две или три дела во текот на работата, се собираат околу 900 ликовни дела, па нашата земја би требало да располага со најбогат ликовен фонд!

Бидејќи има повеќе ликовни колонии од фолк-фестивали, човек неминовно се прашува дали на овој начин не се создава шунд (невкус) во ликовната култура, кој пошироката јавност некритички, лесно го прифаќа. Зашто голем е бројот на квазиуметници, на "шетачи" по колониите македонски автори што со своето "творештво" го контаминираат и она што има естетски стојности. И, за да биде трагедијата поголема, тие се најгрлести дека создаваат епохални дела. Со здрава и стручна селекција, тие "творци" не би го пречекориле прагот на ниедна македонска колонија.

За жал, и годинашната, 36-та меѓународната ликовна колонија во Струмица, колонија со висок рејтинг и позната на сите меридијани, беше карактеристична со таа просечност. Организацијата отстапи од проверените услови за работа и беше надвор од сите критериуми. Во отсуство - неприфаќање - на познати творци (ги имаше тројца-четворица), организаторот, за да го "покачи" нивото на колонијата, се погрижи да покани дури пет аматери од Струмица. А да се учествува во колонијата со таков рејтинг, и згора на тоа нејзин организатор да е државна институција од областа на ликовната уметност, е привилегија за секој уметник (истовремено и творечка одговорност). Тоа значи, организаторот неминовно да поседува критеруми и професионална одговорност.

Нема никакво сомневање дека образованието не е пресудно за да се создаде уметничко дело, но тука станува збор за апсолутно анонимни автори чии дела се под нивото на она што е создавано досега во оваа колонија.

Годинава колонијата беше почестена и од еден амбициозен ликовен критичар што се претстави и како сликар и како автор на предговор на каталогот печатен за изложбата од делата на 36-та меѓународна Струмичка ликовна колонија. Авторот е универзитетски професор по Историја на уметноста, вистинска личност, на вистинско место, но за жал, сите аномалии што се случуваа во колонијата тој не ги забележа. Текстот на предговорот во каталогот содржеше дури 14 страници. Многу повеќе отколку просторот за учесниците. Во него, се разбира, се пишува на долго и на широко за историјатот на колонијата како да е златен јубилеј, а само нешто за годинашната работа - се во најдобар ред, убава атмосфера, срдечност, пријателство (струмичка мастика итн.). Беше регистрирано дека годинашната колонија била најплодна досега, биле создадени 130 дела за 15 дена и дека тоа целосно ги оправдува трошоците на финансиерот - Министерството за култура. Притоа се заборава дека на колонијата учествуваат странски уметници со реноме и дека е несфатливо друштвото на познати, врвни творци со аматери и тоа во толкав број! Каде е тука грижата за уметничките и естетските дострели и за оставање траги од трајни дела со завидна стројност, или организаторот тргнал по онаа стара девиза - важно е да се учествува и да се покаже некаква дејност. Годинава со преместувањето на колонијата надвор од Струмица ѝ беше одземен сокот со кој го заплискуваше градот, а на струмичани им беше нанесена незаслужена навреда.

Изложбата на делата, какви-такви, е во тек. Учесниците од Струмица одушевени, каталогот солидно опремен. Но почна да се шири глас дека авторот на предговорот не е задоволен и ќе се печати нов каталог. Ако се случи тоа, веројатно ова ќе биде прва изложба со два каталога! Настрана, нови финансиски издатоци во ова време на рационално работење. Зошто се случуваат такви работи? Ако не е организаторот на ниво на задачата, треба да помогне Советот на колонијата. Но ниту тој не помогна. Можеби затоа што од 14 члена (повеќеброен е од претходните) ниту еден не е од ликовната или од друга област на културата.

П.С. Пред многу години моите први јавни ликовни чекори ги направив во таа колонија. Го "печев" занаетот, како што се вели, собирав знаење од познати творци. Но, организаторот не ме вклучи во каталогот. Тој се грижеше за создаденото од реномирани уметници од земјава и од странство. Можеби тоа беше пресудно за да го осмислам својот живот и постоење во областа на ликовната култура.

Ниче Василев,
академски сликар

Редакцијата на „Дневник“ не се согласува со сите мислења и ставови во рубриките „Колумна“ ... да ѝ бидат достапни на јавноста. Определени текстови не се лекторираат заради задржување на авт...

7. 10. 1999

Дневник